УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ"
СКОПЈЕ
Бул. Гоце Делчев 9а, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811

Бр. 02-689/1
28-05-2020

Скопје

Врз основа на чл. 86 од Статутот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – Скопје при УКИМ, Деканатската управа на својата 39. редовна седница одржана на 20.5.2020 година, едногласно донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на академскиот календар во акад. 2019/2020**

I

Се врши измена на академскиот календар за активностите и неработните денови на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – Скопје при УКИМ во акад. 2019/2020 во делот на втората испитна сесија (јунска испитна сесија) за прв циклус студии.

Јунската испитна сесија, која во согласност со академскиот календар, беше утврдена да се одвива од 1.6.2020 до 30.6.2020, ќе се одвива од 15.6.2020 до 17.7.2020 г., и тоа: **15.6.2020 – 28.6.2020 (непарни предмети) и 29.6.2020 – 17.7.2020 (парни предмети). Во наведените термини се вклучуваат и викендите (сабота и недела).**

**Образложение**

Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – Скопје при УКИМ во согласност со универзитетскиот календар на активности и неработни денови за акад. 2019/2020 г., на 34. редовна седница на ННС, одржана на 19.6.2019 г., донесе Одлука за академски календар на Факултетот. Во согласност со мерките на надлежните органи во РСМ за спречување на внесување и ширење на вирусот Covid19, Ректорската управа на УКИМ на 249 седница од 19.5.2020 г. донесе Одлука за измена на термините во јунската испитна сесија, која би се одвивала во периодот 1.6.2020 – 14.7.2020. Деканатската управа, водејќи сметка за барањата на студентите од прв циклус студии изнесени од страна на Факултетското студентско собрание, едногласно донесе одлука како во диспозитивот.

II

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

III

Примерок од Одлуката да се достави до Одделението за студентски прашања, Факултетското студентско собрание и до Архивата на Факултетот.

ДЕКАН
на Филолошкиот факултет
проф. д-р Анета Дучевска